## ПЕЕ НА ЗАБАВИ ЗА 3 МИЛИОНИ ДОЛАРИ



Откако за Божик во Британија пееше бесплатно, Џорџ Мајкл скапо го наплати својот труд пеејќи за дочекот на Нова година кај анонимен руски богаташ. За едночасовниот концерт на кој Џорџ ги забавувал гостите на приватната забава на овој руски богаташ, му биле исплатени рекордни 3 милиони долари! По "концертот" во приватната вила на рускиот тајкун, Џорџ Мајкл со добиениот хонорар стана најплатениот музичар на територијата на Русија. Менаџерот одбил да каже кој го ангажирал Џорџ Мајкл, но соопштил дека рускиот домаќин по нив, вклучувајќи го и тимот од дваесеттина луѓе, испратил приватен авион кој ги пренел од Лондон до Русија, а идниот ден по концертот исто така ги вратиле дома.



## "БИТЛСИ" НА ПОШТЕНСКА МАРКА




Поштенски марки со насловни страници од шест албуми на "Beatles" ќе се најдат во првата серија на специјални поштенски марки за 2007 година, соопшти британската пошта. Кориците на албумите "Sgt Pepper's Lonely Hearts Club Band" и "With the Beatles" ќе бидат отпечатени на марките од прва класа, "Abbey Road" и "Help" на марките од 64 пени, а "Let it Be" и "Revolver" на марките од 72 пени.




Продажбата на поштенските марки почна на 9 јануари 2007 година. Ова ќе биде прв пат легендарна рок група да се појави на серија поштенски марки.

## ЏЕСИКА АЛБА "РИПНА ВО ТАВЧЕ"



Кружат многу гласини дека младата американска артистка Џесика Алба се верила со своето момче Кеш Ворнер. Познатата ѕвезда се запознала со својот нов вереник на снимањето на филмот "The Fabulous Four" и од тогаш па наваму тие практично се како "сијамски близнаци". Оваа гласина Џесика ниту ја потврдила ниту ја демантирала, што во превод би требало да значи - каде што има чад има и оган.

